**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 28 март 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја отворам Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието.

Дами и господа, почитувани гости, имам денес особена чест, од Собранието на Република Македонија, од свое име и од името на пратениците да ја поздравам г-ѓа Садако Огата, Висок комесар за бегалци на Обединетите нации.

Почитувана госпоѓа Огата, Република Македонија со Хуманитарниот комесаријат за бегалци, што функционира во рамките на системот на Организацијата на Обединетите нации, досега има остварено успешна соработка, особено во периодот на минатогодишната Косовска криза, кога Република Македонија се соочи со мошне сериозниот проблем околу бегалците. Во соработка со Меѓународната заедница и пред се со Обединетите нации и овој Комесаријат, нашата држава сепак на крајот успешно го реши ова мошне чувствително прашање, јасно потврдувајќи ја приврзаноста спрема принципите на Меѓународната солидарност.

Обединетите нации и споменатиот Хуманитарен комесаријат за бегалци имаат во Република Македонија и постојано претставништво, кое успешно функционира и остварува плодотворна соработка со неколку министерства кај нас на планот на реализацијата на конкретни проекти. Токму затоа, очекувам и натаму Република Македонија успешно да соработува со оваа агенција на Обединетите нации и на високо професионално ниво да го следи овој проблем, со кој се соочуваат не само државите во Југоисточна Европа туку и во целиот свет.

Со размената на искуства и со професионалното стручно согледување и решавање на проблемот околу бегалците, сметам дека може многу да се направи во насока на праведно и хуманитарно негово разрешување.

А сега Ве поканувам г-ѓо Огата, да им се обратите на пратениците на Собранието на Република Македонија.

**САДАКО ОГАТА:**

Г-дине претседателе, почитувани членови на Парламентот, дами и господа, чест ми е и привилегија да ја посетам Македонија уште еднаш и за мене е мошне голема привилегија и задоволство да се обратам на овој Парламент и Ви благодарам што ме поканивте.

Навистина многу сум среќна што сум повторно во Македонија. Јас сум задоволна и среќна што минатогодишната драматична воена состојба со бегалците, поради која бев овде, е завршена. Имав корисни состаноци со претседателот, премиерот, министрите од Владата и исто така со претставник на опозицијата. Овие состаноци ни овозможија да ги почитувам работните односи на соработка кои постојат меѓу Вашата земја и Канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци. Воедно, тие ми овозможија да ја искажам благодарноста на УНХЦР на Македонската Влада и на Македонскиот народ, кои згрешија стотици илјади бегалци за време на минатогодишната Косовска криза, како и за поддршката што и понатаму ја даваат на бегалците кои останаа во земјата и на хуманитарните операции во Косово.

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, цивилното население се почесто станува мета на денешните војни. Движењето на бегалците, се стекнуваат нови политички безбедносни димензии и бегалците се поместија од периферијата кон центарот на конфликтите. Во многу делови од светот присилувањето на луѓето да ги напуштат своите домови, да побегнат, стана цел на војните. Во таа смисла, меѓународните хуманитарни закони, како и режимот за заштита на бегалците, се доведуваат во прашање повеќе и од било кога досега. Меѓутоа, тие никогаш не биле толку неопходни. Никаде во светот тоа не беше толку драматично вистинито отколку во овој регион. Од 1991 година наваму четири години донесоа уништување и неопишани човечки страдања на земјата на поранешна Југославија. Пресилното селење на луѓето е постојано драматично обележје на овие војни. Преку акумулацијата на босанската криза, насилството и етничкото чистење произведоа 4 милиони бегалци раселени луѓе. Тоа беше една од најголемите бегалски кризи во помодерно време. Стотици илјади се уште чекаат да најдат решение за нивното раселување.

Иако Вашата земја успеа да остане недопрена до овие последователни судири, близината на војните значеше дека ќе мора да плати висока цена во однос на економскиот развој. И покрај тоа, почнувајќи од 1992 година, таа несебично го сподели товарот на човечкото раселување, со тоа што здоми илјадници босански бегалци. За среќа скоро сите сега се вратени во нивната земја, од кои 200 се вратија пред неколку недели.

Меѓутоа, најдраматичниот момент за Македонија настана минатата година со влошувањето на Косовската криза, со повлекувањето на Верификационата мисија на Косово и на хуманитарните организации од покраината. Понатаму, воздушната интервенција на НАТО и масовното протерување на бегалците, од кои 360 илјади од нив избегаа само во Македонија. Ова беше мошне критичен решавачки момент, а заедно поминавме исклучително тешки мигови. Се соочивме со сериозни проблеми и би сакала да додадам, имаше недоразбирања. Меѓутоа, на крајот сепак ги надминавме, работејќи заедно.

Драго ми е што ми е дадена оваа можност лично да Ве уверам дека за време на кризата мојата канцеларија и јас лично бевме постојано свесни за проблемите што напливот на бегалците ги предизвикува во Вашата земја во смисла на ресурсите, животната средина и целокупната стабилност. За ова бев мошне загрижена и бев во близок и постојан контакт со моите колеги кои напорно работеа на теренот, исто како и со властите во Скопје.

Јас сум задоволна, јас се радувам што една година подоцна можам да кажам дека, заеднички и во соработка со цивилниот и воениот кадар на други влади и организации успешно успеавме да решиме една од најстрашните бегалски кризи последните неколку години. Смртните случаи во камповите за бегалци беа минимални. Со оглед на околностите, тоа беше значителен успех.

На бегалците исто така им беше дадена и значителна материјална помош. Семејствата и заедниците кои ги згрижија исто така беа потпомогнати. Во натамошните напори да се намали товарот врз Македонија, владите на 32 земји привремено згрижија 100 илјади евакуирани бегалци.

Програмата за хуманитарна евакуација беше проект без преседан, чија цел беше споделување на товарот, изработен како резултат на бегалска криза, која меѓународната заедница ја забележа како исклучителна по големина, брзина и влијание.

Напорите што беа сторени меѓу април и јули 1999 година од страна на вашите луѓе и вашата земја, со поддршка од меѓународната заедница преставуваат значаен пример на справување со една голема хуманитарна криза преку меѓународна соработка. Македонија ја одигра својата улога во избегнувањето на хуманитарна катастрофа.

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, во последниве десет дена поминав низ различни земји од регионот Хрватска, Босна и Херцеговина и Сојузна Република Југославија, каде ги посетив и Србија и Црна Гора, а во Косово поминав два дена.

Во поглед на враќањето на бегалците и нивна интеграција настанаа значајни промени. Што е нај суштествено за работата на УНХЦР во регионот? Првенствено во овие промени е отворениот став на Хрватската Влада, која ја изјави својата намера да ги поздрави, а не само да го прифати враќањето на хрватските бегалци со српско етничко потекло од Сојузна Република Југославија и од Босна и Херцеговина, особено од Република Српска. Доколку оваа политика се примени брзо и ефикасно, таа ќе биде значителен чекор во правец на стабилноста на Југоисточна Европа, што несомнено ќе има длабоки и позитивни ефекти на регионот во целина. Исто така, благодарејќи на подобрените безбедносни мерки во Босна и Херцеговина, бројот на враќањето на малцинствата во последните неколку месеци, особено во Република Српска, се зголемува во однос на минатата година. Се надевам дека ова ќе биде еден постојан тренд.

Од овие позитивни сигнали извлекувам чувство на претпазлив оптимизам. Велам претпазлив, бидејќи треба да се надминат уште многу препреки за да се решат проблемите со бегалците и да се разрешат трагичните последици од етничкото чистење.

Економските услови низ целиот регион се и понатаму стравични. Кога враќањето на бегалците би било не само возможно туку и само одржливо, би требало да се отворат многу повеќе работни места и да се подржат економските институции. Политичките тензии продолжуваат да бидат големи во одредени критични места, не потценувајќи го нерешениот проблем во Косово. По конкретно, во однос на враќањето на бегалците и раселените луѓе постојат нерешени институционални безбедносни и законски проблеми, а во секојдневните длабоките рани во заедниците, кои се поделени треба да се залечат.

Од она што можев да го забележам за време на мојата посета на регионот, би сакала да извлечам два главни заклучоци, што би сакала да ги споделам со Вас.

Првата поента е тесно поврзана со суштината на Мисијата на УНХЦР, а се однесува конкретно на ситуацијата на Косово. Од најголема важност е да продолжиме да ги штитиме и да ги помагаме оние кои се принудени да избегаат од своите домови. Најголемиот број од бегалци кои дојдоа во Вашата земја, веќе се вратија дома. На Косово ги видов луѓето, истите оние луѓе на кои успеавме да им помогнеме, како се зафатиле со изградба на своите куќи и своите животи.

Во таа смисла, сакам да Ве потсетам дека Вашата земја дава голем придонес во обидите за реконструкција на Косово, со тоа што дозволува транзит на стоки и луѓе во правец на покраината. Се надевам дека и понатаму ќе продолжите да ја извршувате главната улога на хуманитарна порта за Косово. Сето тоа е охрабрувачки, но проблемот за Косово, а особено на неговите не албански припадници ќе биде од голема грижа за мојата канцеларија и меѓународната заедница. Македонија самата се уште згрижува еден голем дел од поголемиот број на бегалци кои престојуваа во земјата минатата година. Меѓутоа, тоа не значи дека нејзиниот придонес и нејзините потреби се заборавени.

УНХЦР особено продолжува да се труди да ги ублажи последиците на големиот бран на бегалци во 1999 година и да излезе во пресрет на Вашата земја, во заштитата и грижата на преостанатите бегалци или оние кои се дојдени подоцна, по масовното враќање на косовските албанци минатото лето, особено оние од српска, ромска и друга неалбанска етничка припадност, кои се уште се присилени да ги напуштаат своите домови.

Тензиите во регионот и понатаму продолжуваат, иако се неспоредливи во однос на минатата година. УНХЦР ќе продолжи будно да ја следи ситуацијата во разни делови со потенцијален ризик. Се надевам дека нема да има уште еден масовен бран на бегалци, но во секој случај, сакам да знаете дека ние сме подготвени да соработуваме со Македонија, исто како што тоа го чиневме од почетокот на војната во Босна.

Во овој поглед, би сакала накусо да Ви ги прикажам некои од придонесите кои УНХЦР ги направи во однос на програмите за бегалци, како и програмите за пост бегалска состојба. Во 1999 година потрошивме 36 милиони американски долари, од кои 11 милиони американски долари беа дадени директно на одделите на Владата во облик на финансиска и техничка помош. Оваа година вложивме 10 милиони американски долари за разновидни проекти. Поранешните места каде што беа сместени бегалците се демонтирани, исчистени и дезинфицирани. Во моментот финансираме активности од различен домен, почнувајќи од реконструкција на училиштата, водоводни инсталации и санитарни системи, обезбедување на здравствени услуги до воспоставување на социјални добротворни активности во заедниците. Овие проекти се имплементираат ширум земјата, вклучувајќи ги Скопје, Куманово, Пробиштип, Тетово, Велес, Охрид и други места.

И понатаму продолжуваме да им помагаме на различни оддели на Владата, со особен акцент на Министерството за внатрешни работи, за правда, за труд и социјална политика и Министерството за надворешни работи. Освен директната помош, од почетокот на вонредната состојба минатата година, УНХЦР има потрошено повеќе од 12 милиони американски долари за набавка на хуманитарна стока на македонскиот пазар и ги поттикнува другите меѓународни организации да го прават истото.

Вториот заклучок до кој дојдов за време на мојата посета е со пошироко значење. Верувам дека нашите напори за решавање на бегалскиот проблем во овој дел од светот, мора да бидат дел од еден поширок и по сеопфатен обид за меѓународна интеграција и соработка во регионот.

Европските иницијативи, кои се од големо значење за иднината за Македонија и регионот во целина, како што се преговорите за стабилизација и асоцијација меѓу Европската Унија и Македонија и имплементацијата на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа се лансирани неодамна.

Од тие причини, неопходно е македонските закони во клучните области, како на пример Законот за азил и државјанство, кои се мошне важни за процесот кон европската интеграција, да се изработат и да се имплементираат согласно со меѓународните, а посебно со европските стандарди. Мојата канцеларија, која се стекна со значително искуство од оваа област, преку разни земји од Централна и Источна Европа, се обврзува да ја советува и помага Вашата Влада и овој Парламент при изработката на законите поврзани со азил и државјанство.

Во таа смисла, дознав дека Нацрт - законот за азил наскоро ќе биде поднесен до релевантните комисии на Владата, а подоцна до Парламентот. УНХЦР се понуди да и помогне на работната група во изработката на Нацрт - законот азил, со тоа што ќе врши информативни предавања и на парламентарците за Законот за бегалци и меѓународните стандарди за заштита на бегалците.

Би сакала да ја искористам оваа прилика, да ја истакнам важноста на овој процес. Законот за азил ќе обезбеди законска рамка за конкретна имплементација на принципите наведени во Конвенцијата која е од 1951 година и која се однесува на статусот на бегалците, како и Протоколот од 1967 година, кои Македонија ги има потпишано. Од особена важност е овој значаен закон да биде донесен со целосна поддршка на Парламентот. Би сакала да кажам дека тоа е најпогодната прилика за прославувањето на 50-ет годишнината од воспоставувањето на мојата канцеларија и од ратификацијата на Конвенцијата за бегалци, кои ќе бидат одбележани во декември 2000 и во јуни 2001 година.

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, имајќи работено со милиони бегалци раселени луѓе низ регионот во период од скоро 10 години, мојата канцеларија осозна дека најголемиот предизвик за Југоисточна Европа денес е промовирање на мирољубива коегзистенција на заедници, кои често при воени судири жестоко и со горчина се бореле меѓу себе. Тоа е реалноста во сите земји кои ги посетив во последниве неколку денови. Во Хрватска, во Босна и Херцеговина, во Сојузна Република Југославија. Блиску до Скопје, во Косово се прават огромни напори да се врати мирот меѓу сите заедници на оваа етнички различна покраина.

И како што реков, овие настојувања треба да продолжат за уште едно извесно време, пред да покажат позитивни резултати. Иако уште многу останува да се направи и не само во Косово, не треба да бидеме обесхрабрени од тешкотиите и препреките кои неизбежно ќе се појават на нашиот пат, но и понатаму треба да продолжиме да ги промовираме процесите на коегзистенција и конечно помирување.

Пред да завршам, би сакала уште еднаш да се осврнам на Вашата земја. Македонија продолжува да биде мултиетничко општество, а во исто време ги избегнува судирите. Знам колку комплицирани и тешки беа овие настојувања, особено за времето на Косовската криза. Ситуацијата во Македонија покажува дека е возможна заедници со различно етничко потекло да живеат заедно и дека етничката различност не е секогаш фактор на подвоеност, туку напротив, може заеднички да ги збогати обете страни.

Како Висок Комесар за бегалци би сакала да истакнам дека особено го ценам фактот што за време на кризата Вие успеавте да ги прифатите примарните цели на азил за бегалците и неопходноста да ја сочувате стабилноста во ова комплексно и разновидно општество. Од голема важност е ваквите настојувања да продолжат и во иднина и би сакала да Ве повикам во тој правец да сторите уште повеќе, да се посветите кон промовирање на коегзистенција во разнообразни заедници, бидејќи со тоа не само што ќе постигнете поголема стабилност на Вашата земја, туку и ќе дадете позитивен пример за другите земји во овој проблематичен регион. Од наша страна, ние ќе продолжиме да Ве подржуваме и да настапуваме заедно со Меѓународната заедница.

Ви благодарам многу. (Аплауз во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, дозволете ми да и се заблагодарам на госпоѓата Садако Огата за нејзиното обраќање и истовремено за честа што ни ја приредија претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија, г-дин Љубчо Георгиевски, членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странски дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија, да го ислушаат обраќањето на г-ѓа Садако Огата.

Ја заклучувам 41-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,50 часот).